**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 08-53/2
04.02 .2020
Гостивар

| **СЕОУ„ГОСТИВАР“ - Гостивар** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 28 до 30.10.2019 година |
| **Број на извештај:** | Број 15 - /Полошки /2019 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гоце Крајчески |
| **Вид на училиштето:** | Средно економско општинско училиште |
| **Подрачни училишта** | - |
| **Основач на училиштето:** | Општина Гостивар |
| **Наставен јазик:** | Македонски, албански и турски јазик |
| **Број на ученици:** | 361 |
| **Полова структура на ученици:** | 257м - 104ж |
| **Број на наставници:** | 81 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Шпреса Селими |
| **Директор на училиштето:** | Тони Ефремоски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 19.10.2016 |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Живко Брајкоски“ бр.39 Гостивар |
| **Телефон:** | 042 272 051 |
| **Факс:** | 042 272 051 |
| **e-mail:** | seou_gostivar@yahoo.com |
| **Оценка од ИЕ** | 2, (44) делумно задоволува |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

Согласно годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат, Законот за просветна инспекција и Законот за средно образование, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во средното економско општинско училиште СЕОУ „Гостивар“општина Гостивар, од 28 до 30 октомври 2019год.

При спроведување на интегрална евалуација се вреднуваше квалитетот и ефективноста на воспитно-образовниот процес, примената на законите и општите акти во училиштето, и беше извршена посета на часови.

При надзорот, државните, просветни инспектори имаа состаноци со претставниците на Училишниот одбор, Советот на родители, Наставнички совет и ученичката заедница. Исто така при надзорот беа обавени разговори со директорот, секретарот , стручните соработници и ненаставниот кадар. Покрај тоа беше разгледана педагошката евиденција и документација што се води во училиштето.

Во СЕОУ„Гостивар“ наставата се реализира врз основа на наставните планови за се реализира во согласност со наставните планови и програми за четиригодишно стручно образование од економско-правна и трговска струка за образовни профили: економски техничар, деловен секретар, правен техничар и техничар за трговија и маркетинг. Наставните планови и програми во училиштето се реализираат во пропишаниот обем согласно наставниот план одобрени од Министерот за образование и наука.

Наставниот план во СЕОУ е содржан од повеќе компоненти: задолжителни и изборни предмети, практична настава, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности и феријална пракса. Училиштето има воспоставено процедура за избор на изборните предмети и слободните активности за кој учениците се определуваат според нивниот интерес на почетокот на учебната година .

Во годишната програма за работа за учебната 2019/20 година училиштето има планирано реализација на воннаставните активности. За секоја слободна ученичка активност директорот на училиштето има определено одговорен наставник за соодветната активност.

За постигањата на учениците во наставата училиштето, има податоци по сите наставни предмети, според полот и според годината на образование. Податоците во последните три години покажуваат дека успехот на учениците е во пораст односно во учебната 2016/17 бил 3,67, во учебната 2017/18 е 3,70 и во учебната 2018/19 е 3,93..

Сите наставници изготвуваат годишни, тематски и оперативн планирања за наставен час. Планирањата кај поголемиот број од наставниците содржат јасни цели што се очекува од учениците. Во планот за работа јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните резултати и начинот на оценување на постигањата.

Во однос на примената на ИКТ во наставата мал број од наставниците користат коłјутери или лаптопи или други нагледни средства.

Училиштето има кодекс на однесување за учениците, наставниците и другите вработени кој е истакнат на соодветно место и Еко-кодекс, кој е истакнат на видно место по кој се спроведуваат еко стандардите согласно Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето ги применува законските прописи за оценувањето на учениците ците и има утврден систем за известување на родителите за напредокот на учениците. Родителите се информираат преку индивидуални средби, понекогаш и усно, евидентни листови и сведителства кои се издаваат на крајот на учебната година .

Во училиштето има осигурителни полиси за вработените и учениците за кој училиштето има склучено договор со осигурителна компанија. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди заверен од надлежна институција и за тоа има истакнато предупредувања на видни места и има изведено симулација.

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Санитарните простории, ходникот и училниците се чистат еднаш во денот а по потреба и повеќе пати. Училишниот двор е чист, уреден има тревната залена површина, заграден со ограда пред која има и простор за паркирање.

Учениците, кои покажуваат интерес за понатамошно образование, информациите ги добиваат од наставниците и стручната служба. За овие информациии најчесто се дискутира во последната година на средното образование.

Наставниот кадар води уредна евиденција за постигнатиот успех, редовноста и поведението за секој ученик во пропишана педагошка евиденција и документација.

Во училиштето не постои добра соработка на дел од наставниот кадар со раководството на училиштето, но постои добра соработка помеѓу учениците и наставниците и другите структури без разлика на нивната припадност од било кој вид.

Дисциплината на учениците во училиштето е на задоволително ниво. Односот на учениците е со голема почит кон наставниците и другиоте вработени во училиштето.

Наставниот кадар поради приемот на ученици со послаб успех постојано води грижа за поттикнување на учениците да научат и постигнат што поголем успех.

Врботените во училиштето, се залагаат учениците да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници и да ја препознаваат дискриминација од било каков вид во училиштето и пошироката заедница.

Училишниот простор наменет за раелизација на наставата е доволен и безбеден за изведување на настава. Бројот на училници е соодветен за настава, како и бројот на учениците во паралелката. Наставата поради постоечкиот број на паралелки се одвива во две смени од кои во една смена наставата се одвива на албански јазик додека во друга смена наставата се одвива на македонски и турски јазик.

Училиштето не располага со доволен број на наставни средства и помагала како и соодветна стручна литература. Училиштето има добро уредена библиотека со читална и бибилиотекар за потребите на учениците и наставниот кадар.

Училиштето изготвува план за обезбедување на нагледни средства, помагала и друг потрошен материјал. Училиштето постојано презема активности за набавка на нагледни средства и други помагала во наставата но истото нема доволен напредок во тоа.

Училиштето било снабдено со комјутери од проектот комјутер за секој ученик но голем дел од нив не се во употреба, но и тие што се малку или повремено се користат.

Според стручната подготовка Наставниот кадар, е целосно соодветен.

Училишниот одбор е избран и работи согласно на Законот за средно образование и Статутут на училиштето, и истиот има деловник за работата.

За раководен орган во последните три години се именувани директор и вд.директор на училиштето, кој ги исполнуваат условите за директор на училиштето. Директорот на училиштето своето работење го заснива на индивидуални способнсти и тимска работа. За сторените трошоци при работењето и училишниот буџет во целина постојано се информира основачот општината Гостивар и Училишниот одбор на училиштето.

Од увидот во педеагошката евиденција и документација како и другата документација која беше приложена и разгледана за време на спроведувањето на интегралната евалуација во училиштето, водените разговорите со фокус групите и другите структури, посетените наставни часови, резултатите од прашалниците на ученици, родители наставен и ненаставен кадар и се друго што се наблудуваше во училиштето, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во СЕОУ„Гостивар“општина Гостиварсе оценува со **оценката (2.44) делумно задоволува [1].**

Училиштето има изготвена Самоевалуација бр. 0201-218/1 од 01.03.2019 година.
Програма за развој на училиштето бр. 01-350/1 од 16.04.2018 година.
Годишната програма на училиштето е донесена 0102-770/4 од 10.09.2019 година.,
Училиштето има формирано Инклузивен тим избран бр. 0102-351 од16.05.2018 годи
Училишен спортски клуб е формиран на 03-199/07 од 18.12.2016 година.,

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Середното економско општинското училиште „Гостивар" Гостивар е лоцирано во населба Дутлок на улица . „Живко Брајкоски" бр.39 Гостивар. Училиштето врши опфат на ученици од градот Гостивар и полошкиот регион. Во непосредна близина на училиштето се наоѓаат средното медицинско училиште„Гостивар", гимназијата СОУ„Гостивар" голем рекреативен градски парк, реката Вардар, градскиот фудбалски стадион, и други опшествено културни и административни институции во општина Гостивар.

Училиштето е формирано 1955 година со една паралелка од страна на Околискиот народен одбор во рамките на полната гимназија. Од 1956 година е верифицирано со решение бр.2133 од страна на Советот за школство на РМ, под името Економски техникум како посебна организација а од 1957 техникоумот се одделува како посебно училиште. Во тој контекст од учебната 1982/3 според мрежата на насочено образование училиштето се трансформира во УСО„Чеде Филипоски,, со економска, правна, и биротехничка струка. Од 2005 година училиштето го смени името во средно економско општинско училиште СЕОУ „Гостивар". Во минатиот период од училиштето произлегол голем кадровски потенцијал на градот Гостивар и пошитоко што преставувало посебен имиџ и рејјтинг на училиштето и било едно од најатрактивните во регионот за упис на ученици што со таквиот имиџ не може да го има и сега.

Наставата во училиштето се изведува на македонски, албански и турски јазик.

Училиштето е основано од Советот за школство на НРМ1956 година

Наставата во училиштето се одвива во две смени во кои во 1 смена се одвива наставата на албански а во друга смена се одвива наставата на македонски и турски јазик

Наставата во училиштето се реализира во еде училчишен објект со споени 2 згради на приземје и 1 кат со 27 училници, 1 кабинет, 1 специјализирана училница, 1 библиотека, 1 спортска сала 1 работилница и 6 други простории за административно-техничкиот персонал на училиштето.

Просторните услови во училиштето се доволни и добри во однос бројот на паралелките и бројот на учениците во паралелка.

Во училиштето наставата ја следат 361 ученик, распоредени во 36 пралелки од прва до четврта година со настава на македонски албански и турски јазик.

Наставата ја реализираат 81 наставник.

Училиштето има решение за оснивање бр.2133 од 08.08.1956 год.

Училиштето има решение за верификација за воспитно образовна дејност за средно пбразование од страна на МОН бр. од 10-1465/15 од1996 како и за профилите:.

економски техничар, деловен секретар техничар за трговија и маркетинг бр.11-1272/4 од 12.06.2007 година, правен техничар бр.11-2366/4 од 28.06.2010 година и банкарски техничар бр. 11-6222/4 од 19.05.2014 година.

Училиштето е запишано во Централен регистар на Република Македонија со Решение дел.број 31120190000258 од 22.05.2019 година.

Статутот на училиштето од страна на УО е донесен на 04.02 2014 година со д.бр.0101-89/3 има и за истиот има добиено согласност од МОН

Полугодишен извештај за работа за учебната 2018/19 година бр.0102-156/1 од 12.02.2019 година

Годишен извештај за работа за учебната 20018/19 година бр 0102-770/3.од 10.09.2019година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Општинското средно економско училиште „Гостивар”,Гостивар,реализира наставни планови и програми за стручно образование од Економска, правна и трговска струка за образовниот профил Економски техничар,Правен техничар, Бизнис администратор, Деловен секретар,Банкарски техничар,Техничар за трговија и маркетинг, кои се донесени од страна на Министерство за образование и наука.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Наставниците своите глобални тематски и дневните оперативни планирања за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на програмите за средн стручно образование одобрени од Министерство за образование и наука.

Училиштето има изработено програма за меѓуетничка интеграција со планирани активности. Дел од планирањата на наставниците содржаат елементи од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“,активности за меѓуетничката интеграција и активности од инклузијата.

По одредени општо образовни предмети и стручни предмети наставата се реализира со недостаток на наставно нагледни средства и учебници со посебен акцент од стручните предмети. Истотка часовите по практична настава и дел од изборните предмети и факултативните предмети се реализираат во несоодветни услови. Понекогаш самите наставници преземаат активности и ги носат учениците по фирми со цел учениците да бидат запознаети со другите организациони постапки.

Училиштето покажува иницијатива за прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина.

Училиштето реализира и слободните часови како проектни активности од областите кои се предвидени со наставниот план од Економска, правна и трговска струка за образовниот профил Економски техничар и образовниот профил Правен техничар.

Наставните планови и програми им се достапни на наставниците.Родителите со наставните планови и програми се запознаваат при објавувањето на интерните огласи што ги објавува училиштето при запишување на учениците во прва година,преку стрествата за јавно информирање,преку презентациитите што ги реализираат училиштата во соработка со основните училишта. Исто така секогаш кога постои интерес од страна на родителите, на заеднички и индивидуални родителски средби,стручната служба и раководителите на паралелките ги запознаваат родителите со соодветниот наставен план и програми според кој се изведува наставата.

Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини за потребите на локалната средина единствено преку одбележување на значајни датуми, прослави, посети на саеми и др.

Во училиштето делумно постои соработка помеѓу активите од сродните предмети за изготвување на глобалните и тематските планирања.Истотака делумно функционираат и стручните активи.

Делумно е влијание на наставниците,родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми.

## 1.2.Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето прави напори за подобрување на квалитетот на наставата. Во таа насока видлива е активноста на наставниците за изразување на потребите за континуирана обука преку посета на семинари за стручно оспособување организирани од страна на училиштето од стручната служба, од Бирото за развој на образованиети и други овластени провајдери.

Недостатокот на кабинети за реализација на наставата по општо образовните и стручните предмети како и реализација на практичната настава,недоволниот број на наставни нагледни средства и технички помагала по повеќето предмети, значително се одразува на квалитетот на организирањето и реализирањето на наставните содржини. Во разговор со дел од наставниците и родителите провладува мислењето дека со потешкоти се реализира наставата,поради наведените причини. Истотака кај поголемиот дел од наставниот кадар, но и кај претставниците од редот на родителите преовладува мислењето дека постојните наставни планови и програми се преобемни за повеќето ученици кои од основното образование доаѓаат со послаб успех. Последните години намален е критериумот при запишување на учениците во прва година.

Раководните структури во училиштето во континуитет се залаагат при реализација на наставните програми за секој предмет и практичната настава квалитетот да биде приоритет на секој наставник.

## 1.3.Воннаставни активности

Училиштето планира,но делумно ги реализира планираните воннаставни активности што служат за подршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Слободни ученички активности, општествено корисна работа, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето,активности против дрога алкохол и наркоманија,се застапени во содржините на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година.

Преку овие активности, истакнуваат во училиштето, учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите,полот, способноста, и социјалната припадност и истите потикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и наставата воопшто.

Во Годишната програма за работа на училиштето за 2019/2020 година се планирани да се реализираат слободни ученички активности и одредени се кои наставници ќе раководат со одредена секција Преку реализација на овие активности се нуди широка можност за вклучување на ученици од различен пол и со различни способности. Училиштето се судрува со проблеми во врска со реализацијата на воннаставни активности. Одредени проблеми се од објективна природа, како на пример преоптовареноста на учениците со редовната настава од една страна, и немањето на соодветни просторни услови за реализација на одредени слободни ученички активности. Преку вонаставните активности се афирмираат учениците и училиштето.

Во училиштето има регистрирано училишен спортски клуб.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Општинското средно економско училиште „Гостивар”,Гостивар,подготвува статистички извештаи за постигањата на учениците по сите наставни предмети и класификациони периоди.Училиштето има изготвени полугодишни и годишни извештаи, во кои има показатели за постигањата на учениците по паралелки,по пол и по етничка припадност. Постигањата на учениците е добра.

Од показателите за постигањата на учениците со кои располага училиштето на двата наставни јазици (албански наставен јазик,македонски наставен јазик и турски наставен јазик).По учебни години се констатира дека средниот успех на учениците од I-IV година во сите паралелки за учебната 2016/2017 година е 3,67,учебната 2017/2018 година е 3,70,учебната 2018/2019 година е 3.93.

Училиштето изготвува само статитички податоци за постигањата на учениците.Извешајот не придржуван со текстуален дел,каде ќе бидат наведени причините за вакви постигања и планирање и преземење на активности за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето нема систем за идентификација на надарените ученици и учениците кои имаат потешкотии во учењето,нивниот напредок нередовно се следи.

Во периодот кога се реализираа екстерно тестирање училиштето изготвувало показатели односно споредебени анализи за постигнатиот успех на учениците во екстерното тестирање и добиените оценки од страна на наставниците.

Споредмени анализи за постигнатиот успех на учениците во државнта матура училиштето редовно изготвува и со постигнатиот успех се запознаваат сите училишни структури.

Најголемиот број наставници во редовната настава им обезбедуваат подршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година,дополнителна настава по сите наставни предмети уредно се евидентира во дневниците истотака уредно се евидентираат и часовите од додатна настава и изборната настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.

Годишната програма за меѓуетничката интеграција во 2019/2020 година има зацртани конкретни активности и се формирани секции со утврдени активности,заедно спортување,еколошки активности. Во годишните планирања наставниците имаат вметнато содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Во општинското средно училиште „Гостивар”,Гостивар своe средно образование во најголем број добиваат ученици од град Гостивар,и другите околни општини во регионот.

Училиштето ја следи редовноста на учениците не ги анализира причините за отсуство од наставата ( неоправдано и оправдано) и не презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.

Редовноста на учениците не бележи тренд на подобрување во однос на претходните учебни години.

Според статистиките податоци на училиштето од учебната 2016/2017 година година напаравени се вкупно 5215 изостаноци.Учебна 2017/2018 година број на изостаноци на ниво на училиште 5214.Учебна 2018/2019 година број на изостаноци на ниво на училиште 4013.

За голем број на изостаноци и голем број на изречени педагошки мерки училиштето нема изготвено некоја анализа со цел на идентификување на причините за ваквите состојби во училиштето и преземење на мерки за надминување на ваквите состојби.

Состојбата со советување на учениците е во рамките на законските прописи,но истата не допринесува односно не покажува некаков ефект во подобрување на постигнувата на учениците и намалување на изостаноците..

## 2.3. Повторување на учениците

Во статистичкиот извештај на училиштето за успехот понема показатели на ученици кои ја повторувале годината.

Во годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година, утврдени се стратегиите за подобрување на постигањата на учениците и подобрување на редовноста,но истите недоволно се ефикасни и не ги постигнуваат оцекуваните цели.

Процентот на ученици кои ја завршуваат годината не бележи опаѓање. Во училиштето не се идентификуват и не се анализират причините за слабиот успех на учениците во првото полугодие и подобриот успех во второто полугодие.Нема утврдени процедури и не постојат докази дека се преземени мерки за подобрување на состојбата. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирања на наставниците

Наставниот кадар во ОСЕУ„Гостивар”,Гостивар, има подготвено годишни и тематски планирања.Оперативните планови за наставен час, кај поголем број наставници ги содржаат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.Планирањата се доставуваат до директорот и стручната служба на почетокот на учебната година. Постојат примери за вградување на целите од интегрирано образование и еколошки содржини во планирањата на наставниците.

Сите наставниции ја планираат редовната,дополнителната и додатната настава ,како и воннаставните активности. Додатна и дополнителна настава има потешкотии при реализирањето.Целите на наставата,очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето кај поголем број од наставниците. Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи, кај поголем дел од наставниците се планирани за ефективно да се искористи времето на учениците.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи при подготовка на нивните планирања на македонски,албански и турски наставен јазик.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности. Во склоп на распоредот на часови е планиран и распоредот на останатите активности на додатна дополнителна настава како и слободните ученички активности.Поголем дел на наставниците во дневниците ги евидентират дополнителната и додатната настава и другите активности, но отсуствува реализација на иста кај дел од наставниците.

## 3.2 Наставен процес

Во училиштето дел од наставниците користат разновидни наставни форми и методи при реализација на наставно образовниот процес.Наставниците работат со учениците индивидуално,во група или со целата паралелка ,но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани.Дел од наставниците користат исти приоди за сите ученици,независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Во училиштето нема функционално мрежно поврзани компјутери, но има ЛЦД проектори. Добиените компјутери од Владата на РМ се делумно во функција и истите се сместени во кабинетот по информатика.За наставниците се организирани обуки за употреба на ИКТ од страна на Биро за развој на образованието.

Поголем дел од задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците користат само учебници и прирачен материјал (за некои предмети нема доставено бесплатни учебници од страна на Министерство за образование и наука).Помал дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето.Мал дел од наставниците ја реализираат наставата со различни интерактивни методи.Поголем број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување,помош соработка и разбирање,без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол,социјално потекло,етничка и религиска припадност.Наставниците не манифестираат полови,етнички,религиски и други стеротипи во комуникација со учениците.

Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.Не се посетени сите наставници во текот на учебната година од страна директорот или од стручната служба.Протокол за извршен педагошки увид има стручната служба и повеќето од посетените наставници се наставниците со помал работен стаж.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Училниците во кои се изведува наставата се класични.Учениците сметаат дека во училиштето нема училници-кабинети и други простории што потикнуваат интерес за учење. Трудовите на учениците недоволно се изложуваат во училниците и во ходниците на училиштето.

Учениците сметаат дека понекогаш се учи на интересен начин и истото е поврзано со практиката односно секојдневието. Дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека, дел од наставниците понекогаш им даваат можност на самостојно да размислуваат и да го кажаат своето мислење и преземаат одговорност. Мал број ученици сметаат дека им се овозможува да работат со сопствено темпо соодветно на нивниот стил за учење и самостојна работа.Исто така учениците сметаат дека практичната работа во работни организации е многу малку застапена.

Учениците сметаат дека соработката меѓу учениците е добра и дека поголем број од возрасните во училиштето доволно комуницираат и се отворени за соработка со нив

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик и ги идентификуваат систематски. Се преземаат активности за исполнување на потребите и отстранување на пречките. Во училиштето од педагошка служба е ангажиран педагог и психолог и тој е вклучен во наставно образовниот процес.Стручната служба нема изготвено програма за работа за ученици со посебни образовни потреби.

Дел од наставниците користат различни интерактивни техники на поучување и оценување.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Оценувањето на учениците е регулирано со законски и подзаконски прописи кои училиштето ги применува.Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи го и кодексот на оценување.Учениците и родителите се запознати со критериумите за оценување.

Дел од наставниците во наставата користат различни инструменти и методи за оценување. Наставниците континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Дел од наставниците, со учениците го дискутираат нивниот напредок и постигања и им даваат редовно повратна информација.Повратната информација најчесто содржи детали за постигањата и за следните активности што треба да се преземат. Дел од наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Известувањето на родителите за напредокот на нивните деца училиштето доследно го применува преку свој изграден систем. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците. Наставниците даваат општа повратна информација на родителите и учениците за успехот со евидентни листови. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани, но се забележува недоволна заинтересираност од страна на дел од родителите. Наставниците нередовно го водат електронскиот дневник ,родителите имаат пристап до него и се известуваат преку телефонски пораки

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Севкупната грижа за учениците во училиштето е добра. Училишните простории во кој се реализира наставниот процес се безбедни за изведување на истата. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата.

Инфраструктурата е безбедна во училишниот објект и надвор од училишниот објекткт - дворот. Учениците и наставниот кадар се осигурани и имаат договор со осигурителна компанија,полиси.Училишниот објект и имотот на училиштето не е осигуруван . Во училиштето има кадар со вештини за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи но нема посебна просторија за такви потреби. Во училиштето не постои план за евакуација како интерен акт за превземање на мерки за заштита и спасување на учениците, вработените и материјалните добра од елементарни непогоди и други несреќи, и нема истакнати соопштенија и предупредувања и сигнализации на видни места. Во училишните простории има 10 ПП апарати и хидранти. Училишниот објект има громобранска инсталација.Во училишниот објект постојат дежурства од страна на наставниот кадар и учениците и за тоа се води соодветна евиденција. Покрај тоа училиштето е добро покриено со видео надзор, нема служба за обезбедување. Училиштето активно соработува со МВР.

Во училиштето има пишан документ за облиците на однесување на учениците и наставниот кадар, но истиот е истакнат на соодветно место. Во училиштето не постои меѓунационално нетрпение,нема појави на физичко малтретирање докулку би имало таква појава ,училиштето во соработка со учениците родителите и други релевнтни институции успешно би се справува. Класните раководители и стручната служба имаат план за работа со содржини на взаемно почитување и рамноправност на половите како и содржини за штетното влијание на пороците на зависност и истиот го реализираат за време на класниот час..

Во училиштето пушење, консумирање алкохол, дистрибуцијата и консумирање на наркотички супстанци се забранети,што значи дека во училишниот објект не се пуши не се доаѓа во алкохоизирана состојба и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци.

Училиштето нема организирано исхрана за учениците но истите се хранат од блиските угостителски и трговски објекти. Училиштето нема пропишани процедури за увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците надвор од училиштето и нема преземено активности за увид во истата. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби со наод од овластена институција.Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со посебни образовни потреби. Пристапот во училишните простории не е приспособен во целост за учениците со телесни потешкотии. Нема лифт и посебен тоалет. За грижата на учениците со посебни образовни потреби училиштето има формирано Инкузивен тим избран 16.05.2018г кој има посебна програма која е во состав на Годишната програма на училиштето.

## 4.2. Здравје

Хигиената во училишниот објект е на задоволително ниво. За одржување на истата се ангажирани доволен број на хигиеничари.Санитарните простории, ходниците, скалите и училниците се чистат два пати во денот. Училишниот двор не секогаш е чист и уреден. Во дворот и во сите училишни простории има корпи за отпадоци. Оваа година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција при што училиштето презема мерки и постапува по препораките и насоките во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

Училиштето нема договорени процедури за грижа на учениците кои подолго време изостануваат од наставата. Процедурите во пракса се спроведуваат по лична инцијатива на наставиците во соработка на родителот. Во училиштето се вршат систематски прегледи на ученици и вработените. Училиштето има организирано предавања на теми

за заштита од заразни болести. Активностите од оваа област се застапени во планот за работа на класните раководители и годишната програма на училиштето

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Информациите за можностите за понатамошно образование,учениците ги добиваат од класниот раководител за време на класен час како и во соработката со стручните соработници на училиштето како и при посети од страна на државни и приватни високо образовни установи.

Училиштето повремено ги открива емоционалните потешкотии на учениците преку следење од страна на наставниот кадар и стручната служба иако идентификацијата е отежната. Училиштето има редовна соработка со релевнтните институции како што се здравствените установи, центрите за социјална работа, полицијата и други установи.

### 4.4. Следење на напредокот

Училиштето има и води добра евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците како и неговиот напредок посебно за секој ученик во дневникот на паралелката и другата пропишана педагошка долументација согласно правилникот за постигањата на учениците. Наставниот персонал води уредна евиденција во пропишана соодветна документација. Податоците во педагошката евиденција и документација се добиваат врз основа на сопственета проценка на наставникот.

Наставниците,класните раководители изготвуваат полугодишни и годишни извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците. Овие документи се доставуваат на увид на стручната служба и директорот и се целосно достапни за сите наставници, родители и учениците. Добиените резултати не доволно се користат за подобрување на воспитно образованиот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето.

Во локалната средина и пошироко на ниво на општина училиштето било препознатливо, како квалитетна образовна институција, по добрите постигања на учениците во текот на образованието во училиштето и по повеќе областишто не е и во последните години.

Во училиштето се води грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците,родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите.Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, и се грижат за враќање на неговиот углед

За средување на внатрешноста на училишниот простор, во голема мера се вклучени учениците и вработените. Училиштето обезбедува здрави услови за работење и престој во училишната зграда.

За регулирање на односите во училиштето постои кодекс.Со овој документ во најголема мера се регулирани правилата за однесување на сите структури. Правилата од Кодексите во најголема мера се применуват од страна на структурите. Во документите се предвидени мерки за санкционирање при отстапување во почитувањето на правилата, согласно најновите измени во Законот за средното образование се покануваат родителите на советување кое го врши педагошката-психолошкарта служба на училиштето.

Училишната клима во училиштето не е на високо ниво, се води силна политика за заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуват во животот на училиштето. Кај вработените постои професионален однос.

Наставниците соработуват и заеднички работат на различити прашања. Односите на наставниците и раководниот орган не е во најдобра состојба ка сите наставници.

Вработените,ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици, се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во односите помеѓу учениците со различита полова припадност не постои доминација, ниту има забележани и евидентирани инциденти во однос на конфликти или злоупотреба на ученици од различита полова припадност.

Во училиштето нема проблеми со поведение и дисциплина на учениците и вработените. Постои многу добра работна атмосвера за време на наставни и воннаставни активности.Вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот и меѓусебно, и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно и авторитетно се справуваат со дисциплината и редовноста, нема прекини во учењето и наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. За надминување на евентуални ексеси или насакани случаи веднаш се вклучуват дежурните наставници, класните раководители стручните соработници. Во разрешување на можните проблеми се вклучуваат и родителите, од нив постои добар одзив и прифаќање на соработка.

Сите ученици, се запознаени со правилата и педагошките мерки.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Во училиштето се промовираат во континуитет и се става голем акцент на постигањата на учениците. Се користат различни форми на промовирање на постигањата и тоа: преку јавните гласила веб страната на училиштето, на свечености, на ден на училиште, во посебни прилики пред гости, преку општината и слично. Се промовират постигањата во наставните активности, воннаставните активности и резултати од учество на натпревари.

Во чуилиштето има политика на потикнување на наставниците и учениците да учествуват на училишни, локални, регионални и државни натпревари. Наставниците и

учениците се стимулираат со покривање на трошоците и со промовирање на нивното учество, јавно, пред учениците, вработените, родителите и пошироко пред јавноста. Се врши континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности до вработените, родителите, локалната самоуправа, и пошироката заедница иако нема воспоставен систем за тоа.

Училиштето повремено го поттикнува наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари, конкурси и кампањи кои ги нуди еколошката програма.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Во училиштето еднаквоста и правичноста се темелна вредност и истата се промовира со разновидни договорни процедури. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Учениците многу добро се запознати со нивните права преку разговори на класен час, преку, работилници, брошури, реализирани воннаставни активности и друго.

Училиштето повремено ги запознава родителите со правата на децата, а ги потикнува учениците да ги практикуваат своите права и да ги заштитуваат во случај на нивно нарушување.

Во училиштето се води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничките, културните и верските разлики. Учениците учат да ја почитуваат својата и културата и традициите на другите заедници. Во училиштето се промовира еднаквоста и правичноста како темелна вредност. Нема евидентирана и забележена дискриминација по било која основа кај учениците, наставниците и родителите .

Учениците со посебни образовни потреби се добро интегрирани во училишната средина, нема појава на дискриминација кон нив и неправично постапување од структурите.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница и деловната заедница

Родителите во училиштето се во постојана соработка и се добродојдени. Соработкатакоа се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелката, на ниво на одбор на родители на паралелката, на ниво на совет на родителите во училиштето и преку членовите на Училишен одбор .

Се користат ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во училишниот одбор во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родителите во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето нема доволно воспоставена активна и континуирана соработка со локалната и деловната заедница, додка има добра соработка со невладиниот сектор и МОН. И другите институции

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

Училишната зграда е на две нивоа приземје и еден кат и во истата има доволни и добри услови за изведување на наставата. Наставата во СЕОУ ,,Гостивар,, се одвива во две смени . Училиштето располага со 38 простории од кои: 27 училници, 2 кабинети, 1 библиотека, 1 спортска сала со соблекувални, дотраени надворешни спортски терени, 1 наставничка канцеларија, по 1 канцеларија за директорот и пом.директорот, 1 просторија за секретарот и благајникот. 1 канцеларија за педагогот и психологот, 1 канцеларија за архиварот, санитарни простории за учениците на секој спрат и одделно за машки и женски тоалети и санитарни простории за наставниците. Училиштето има спортска сала.. Сите простории се соодветни за непречено реализирање на наставата. Во предниот дел на училиштето има мал училишен двор и парк за одмор со тревната и добро хортикултивизирана површина.

Големината на училниците се соодвени на бројот на ученици во паралелката. Училишниот објект е во добра состојба. Училишниот простор е целосно заграден со сопствен паркниг.

Училиштето има јасен план и распоред за користење на расположивите капацитети. Во училиштето наставата ја следат 361 ученици во две смени и истите се распоредени во 36 паралеки со настава на македонски, албански и турски јазик од прва до четвртта година. Во однос на сместувањето и искористеноста на просторот може да се коаже дека училиштето максимално ги користи расположивите капацитети за реализација на образовниот процес.

Од претходното се констатира дека училиштето има доволно и добри просторни услови и истото максимално ги користи расположивите капацитети.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето не располага со доволно учебници по сите предмети и на сите наставни јазици, наставни средства и помагала како и соодветна стручна литература согласно нормативот за наставни средства по сите предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала по секој наставен предмет и прави напори истите да ги набави но во тоа нема особен успех. Наставниот кадар и учениците се запознаени со кои наставни средства и помагала располага училиштето. Училиштето е снабдено со комјутери од проектот „Компјутер за секој ученик“.и истите во најголем дел не се во употреба. Со комјутери се опремени само 2 училници и учениците немаат доволно пристап до интернет. Од наставни средства училиштето располага со 16 проектни табли, 1 смарт табла,3 лцд проектири1 лап топ, 1 фотокопир, 88 лаптопи за наставници,3 тв приемници,2 графоскопи,7 печатари, 4 комјутери за наставници и др.

Училиштето има библиотека со читална во кој се ангажирани 2 библитекари со дополнување на работното време. Училишната библиотека располага со библиотечен фонд од 3930 книги од кои 2002 се на македонски јазик, 1215 на албански јазик и и 651на турски јазик додека стручна литертура има 344 книги од 53 наслови..

Библиотеката е добро опремена и располага со аудио-визуелна и ИКТ опрема. Библиотечната евиденција се води во соодветна дикументацијa. Работното време во библиотеката овозможува истата да ја користат учениците од двете смени. Во библиотеката има недостаток од лектирни изданија и стручна литература по сите наставни јазици.

Училиштето навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за непречена реализација на наставните и воннаставните активности согласно со планот за набавки и програмата на училиштето. Потрошниот материјал хартија,тонери, материјали за практични вежби, хигиенски средства и сл. ги задоволува потребите на вработените.

Училиштето ја планира набавката на основниот и потрошен материал, но набавката не секогаш ги задоволува реалните потреби во училиштето.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализација на образовниот процес и практичната настава.

Наставниот кадар е целосно соодветен и оспособен за одговорностите во редовната настава и вонваставните активности. Работата на наставниот кадар е целосно поддржана од страна на раководниот, административниот и техничкиот персонал на училиштето. Училиштето има стручни соработници педагог, психолог и 2 библиотекари.

Наставата во училиштето ја реализираат 92 наставници од кои 78 наставници се вработени во СЕОУ, од кои 2 наставници се со статус на приптавник, 20 наставници се со високо образование, 3 наставници се со магистерски студии и 1 наставник е со завршено докторски студии. Според стручната подготовка и законот за средно образование сите наставници се соодветно образование. Според работниот однос 66 наставници се на неопределено и 12 наставници се на определено работно време, според работното искуство 20 наставници се до 10 год стаж, од 10 до 20 години се 37 наставници, од 21 до до 30 години се 18 наставници и над 31 години работно искуство се 3 наставници.според полот 20 наставници се мажи и 58 наставници се жени, според етничката припадност сите 24 наставници се македонеци, 47 албанци, и 7 турци,

Квалитетот на работата на наставниот кадар е добар. При изборот на кадарот во училиштето нема родова или било каков друг вид на дискриминација. Наставниот кадар е редовен на работа и истиот ги почитува пропишаните работни задачи.

Според стручната подготовка, наставниот кадар е целосно соодветен. Наставниците се трудат да придонесат за работата и претходно стекнатиот имиџ на училиштето но немаат некој поголем успех во тоа во кој оправдвданост гледаат во социоекономската состојба во општината и пошироко во државата. Наставниците често работат во рамките на стручните активи. При одсуство на наставник училиштето не секогаш обезбедува соодветна замена.

Во училиштето има стручни соработници (педагог, психолог и библиотекар) кои се спремни да помогнат на наставниот кадар и на учениците. Во училиштето нема запишано ученици со посебни образовни потреби.

.

## 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Директорот на училиштето ги идентификува потребите за професионален развој на наставниот кадар. Во училиштето, има програма за професионален развој и програма за менторство при што се почитува постапката за избор и менторството на наставниците. Училиштето организира и учествува на потребните обуки каки се нудат од надлежните институции како и обуки од областа на мултикултурата, екологијата и друг вид на обуки и врши и за истото се врши десиминација на стекнатите знаења и вештини на наставниците. Во училиштето се почитува законската обврска за професионален и кариерен развој на наставниот кадар и училиштето има механизми за оддавање на признанија за постигнатите резултати во наставата и вон наставните активности.

## 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Училишниот одбор е конституиран согласно законот за основно образование врз основа на демократски утврдени принципи.и истиот има деловник за работа.Училишниот одбор самостојно донесува одлуки и редовно го следи наменското трошење на буџетот.

Раководен орган во училиштето е Директор кој е именуван од страна на министерот за образование поради одземени надлежности на градоначалникот на оптината Гостивар при кој по завршениот период на одземени надлежности се именуван

вд. директор на училиштето кој не ги исполнува условите за директор согласно законот за средно образование.

Финансиско работење и постапките што ги спроведува училиштето се во согласност со законските прописи. Раководниот кадар се залага и ги разбира механизмите за стекнување на дополнителни финансиски средства. Училиштето прави финансов план и има постојана комисија за јавни набавки и има правилник за вршење на набавки од мала вредност. Училиштето врши набавки на потребните количества на основен потрошен материјал согласно Законот за јавни набавки..

Финансирањето на училиштето по однос на плати се врши од Министерството за образование и наука преку основачот. Училиштето обезбедува финансиски средства и од од сопствени приходи и услуги.

Училиштето го информира Училишниот одбор за училишниот буџет и трошењето на средствата на крајот на годината преку изготвување на завршната сметка. Директорот редовно ги консултира и известува другите органи за прашања кои обезбедуваат економичност и правичност во распоредување на финансиските стредства. Средствата кои се на располагање на училиштето не се доволни и не ги отсликуваат потребите кои се во фукција на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за подобрување на условите за реализацијата на образовниот процес во училиштето.

# *7.* Управување и раководење со училиштето

## 7.1. Управување/раководење со училиштето

Училишиот одбор е конституиран на 26.10.2018 година и истиот функционира согласно Законот за средно образование и Статутутот на училиштето. Неговата работа е регулирана со Деловник за работа кој е донесен на 14.12.2018 година. Училишниот одбор добро соработува со раководниот орган и со другите структури на училиштето. За својата работа е транспарентен и ги запознава другите субјекти, кои се вклучени во образовниот процес на училиштето и работи согласно надлежностите кои се предвидени со законот за средно образование. УО има воспоставено партнерски однос со директорот на без оглед на честите промени на истиот.Училиштето нема обезбедено обуки за членовите на УО заради извршување на улогата на управување на членовите на одборот.

Во училиштето е именуван Директор училиштето на 12.11.2018 година, од страна на министерот за образование и наука поради одземање на надлежноссти на градоначалникот на општината во делот на именување и разрешување на директори,при што е именуван и вд.директор на училиштето. Директорот на училиштето ги исполнува условите за. директорот на училиштето и истиот има познавање, знаења и способности за раководење со дејноста на училиштето. Директорот на училиштето како раководен орган, како приоритет на своето работење го става враќањто на поранешниот имиџ на училиштето, зголемување на интересот за упис на ученици, подобрувањето на условите за работа на училиштето,квалитетот на наставата, постигањата на учениците и промовирањето на училиштето. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува и одговорни одлуки. Директорот има поддршка во раководењето особено од училишната управа и стручната служба, во реализирањето на образовната политика на училиштето и соработува со сите надлежни институции од областа на образованието, родителите и непосредната околина. Меѓутоа честите промени, краткиот и неизвесен макдат на роководните лица во училиштето и недобрата клима кај вработените во училиштето не допринесуваат кон подобрување на севкупното работење во училиштето а тоа се одразува и во образовниот процес.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Директорот на училиштето е креатор на училишната политика и има програма за работа при што се залага за обезбедување на добри услови за работа и подршка на наставниот кадар.

Директорот има познавање, знаења за работата и е одлучен при донесување на одговорни одлуки во текот на работењето а тоа повеќе го заснова врз тимска работа.

Ваквото однесување и раководење од страна на директорот е позитивен одраз врз квалитетот на севкупната работа во училиштето.

Директорот соработува со сите надворешни институции кои се од интерс за образованието како што се Министерство за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Бирото за развој на образованието, и други надлежни органи и институции а послабо со Локалната управа,

## 7.3 Развојно планирање

За развојното планирање на училиштето е одговорен директорот на училиштето. Реализцијата на поставените цели и ангажирањата се тимски со одговорни наставници. Тука се вклучени наставници, ученици, родители и други надворешни фактори, а за што пореално развојно планирање се земени во предвид податоци кои се произлезени од следења, анализи на податоци и непосредни средби со компетентни и стручни служба.

Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар и има програма за усовршување на вработените како фактор за постигање на што подобар квалитет во наставата и подобрување на постигањата.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- Постигање на добри резултати во вонанасатвани и слободни активности
- Водење на севкупна грижа на училиштето за учениците
- Безбедноста на учениците за време на наставата
- Градење на мултиетничка толеранција кај вработените и учениците

## Слаби страни

- Изостанување на учениците од наставата
- Недоволна опременост со учебници, нагледни средства и помагала и стручна литература во наставата
- Недоволно добра клима за работа кај наставниот кадар
- недоволно развиен партнерски однос со стопанствениците и локалната заедница
- недоволна обученост на членовите на УО за управувањето со училиштето

## Препораки

- Да се презенат мерки и активности за подобрување на изостанувањата на учениците од наставата
- Да се вложат напори за снабдување на училиштето со учебници нагледни средства и помагала, стручна литература, и нивна примена во наставата
- Да се преземат активности за подобрување на работната клима и односите во училиштето
- Да се подобри соработката со стопанскиот сектор градот и локалната управа
- Да се спроведат соодветни обуки за запознавање на надлежностите на членовите на УО во управувањето со училиштето

| | |
|---|---|
| **Гоце Крајчески**, Раководител на инспекциски тим | |
| **Џелал Беџети**, Инспектор | |
| **Илбер Зенку** , Инспектор | |